РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -

Бр. 0901-201/10
21.07. 2025 год.

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Свети Николе донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас бр. 412/2025

1. За извршител на работно место Советник за подготовка на спецификации и водење постапки за јавни набавки , Одделение за јавни набавки, Сектор за финансиски прашања, со шифра на работно место УПР 01 01 В01 000, се избира кандидатот Тамара Нушевски.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување на неопределено време.
3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со јавен оглас број 412/2025, објавен на ден 05.06.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“ , „Вечер“ и „Коха“ , Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр.10-1240/3 од 23.06.2025 година, по извршената административна селекција- Записник бр. 10-1240/4 од 26.06.2025 година, спроведениот испит- Записник бр. 10-1240/5 од 14.07.2025 година и спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју- Записник бр. 10-1240/6 од 17.07.2025 година, изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување.

По добиениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 412/2025 бр. 10-1240/7 од 17.07.2025 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување, согласно член 45 од Законот за административни службеници, Секретарот на Општина Свети Николе изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Општина Свети Николе
Секретар
_______________
Зоран Стојчев